МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

Број:11-4183/2
Датум: 09.08.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на атмосферска и фекална канализација за објект за домување на ул.„Дрезденска“ бр.11 , Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 25.07.2022 година изврши увид на лице место на ул.„Дрезденска“ бр.11, по барање на Инвеститорот КАПИТОЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје со седиште на ул.„Борка Талевски“ бр.40/1 за изведба на приклучок на атмосферска и фекална канализација.

Постапувајќи по Вашето барање и од извршениот увид на лице место и врз основа на приложениот графички прилог од хидротехнички услови број 1305-4225/1 од 18.12.2019година издадени од ЈП Водовод и канализација,констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараните приклучоци.

Фекалната и технолошките води од објектот се предвидува да се одводнат преку постојна фекална канализација Ф400мм со профил на фекален приклучок Ф=250мм.

Атмосферските води од објектот се предвидува да се одводнат преку постојна атмосверска канализација Ф300мм со профил на атмосверски приклучок Ф=300мм .

За горе наведените приклучоци по хидротехнички услови предвидени се да се изведат ископите на ровот со попречен прекоп на асфалтна подлога на ул.„Дрезденска“ во должина од 4м и прекоп на тротоар од бекатонска подлога во должина од 1,50м.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 212,00 денари со вклучено ДДВ, за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 14.160,00денари со вклучено ДДВ, вкупно да уплати износ од 14.372,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на цевките да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од павер елементи да се транспортира до депонија,околу цевките да се постави ситен песок, останатиот дел од ровот до потребната кота на монтажа од павер елементи да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот и ископаниот материјал од ровот од асфалтна подлога да се транспортира до депонија,околу цевките да се постави ситен песок, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно ровот да се асфалтира со АБ 11.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

---

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новите приклучоци , Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Ивана Стојановски

Тома Мандилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925
www.karpos.gov.mk